РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1605/1
27-05-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 18-тата седница одржана на 21.05.2025 година ја донесе следната :

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2420/1 од 17.12.2024 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што за наводите предмет на пријавата веќе има донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-2420/1 од 17.12.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител, на ден 17.12. 2024 година, е доставена пријава со наводи за сомневање за незаконски спроведена постапка за вработување по јавен оглас во ОСУ „--- ---- ---- " ------, по која е оформен предмет број 12-2420/1 од 17.12.2024 година.
Во пријавата пријавителот изнесува сомневање за незаконски дејствија преземени од директорот на ОСУ „---- --------" ------ во врска со спроведена постапка за вработување по јавен оглас број 04-199/1 од 29.08.2024 година, за пополнување на работни места- Наставник по Туризам и Угостителство со полно работно време за двајца извршители. Подносителот на пријавата посочува дека во постапката за селекција биле избрани кандидати за кои што се сомнева дека ги исполнуваат нормативите и дека директорката на училиштето донела одлука за избор на кандидати кои не ги исполнуваат условите од јавниот оглас.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По разгледувањето на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека веќе се има произнесено за наводите предмет на пријавата во предмет оформен по пријава со исти наводи и има донесено одлука од своја надлежност со број 12-2496 на својата 11-та седница одржана на 02.12.2024 година. Поради тоа што веќе е одлучено за предметната правна работа, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Заменик - претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата